„Вистински ги одржува роднинските врски не оној што само возвраќа на посетите, туку оној кој ја одржува врската дури и кога таа е прекината.“

Абдулах бин Амр, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Вистински ги одржува роднинските врски не оној што само возвраќа на посетите, туку оној кој ја одржува врската дури и кога таа е прекината.“

[رواه البخاري] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни вели дека: Совршеноста во одржувањето на роднинските врски и добрината кон роднините не е само во возвраќањето на добрината, туку вистинскиот одржувач на тие врски е оној кој ја одржува врската дури и кога таа е прекината, иако му е направена неправда; тој им возвраќа со добрина.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3854